# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

29.01.2026 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.06 ГОД.26

ПРИМЕРОКОТ Е
Б Е С П Л А Т Е Н

1.Разгледување и усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за четврти квартал 2025 година(Образец К1, К2, К3 );
2.Предлог-Одлука за давање на субвенции на ЈПКД“Огражден“Босилово;
3.Предлог-Одлука за доделување финансиски средства за основните општински училишта во општина Босилово ООУ“Гоце Делчев“Босилово,ООУ“Св.Кирил и Методиј“Иловица и ООУ“Борис Трајковски“ Моноспитово;
4.Предлог Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Босилово за 2026 година;
5.Предлог-Програма за измена на програмата за изработка на Урбанистички планови во општина Босилово за 2026 година;
6.Предлог-Одлука за давање согланост за поставување на уреди за забавни игри за јавните површини во сопственост на општина Босилово за организрање на забавни игри;
7.Предлог Одлука за доделување на финансиски средства на ЗРЛ“Гоце Делчев“Босилово,ЛД“Беласица“Струмица и ЛД“Скоруш“Куклиш;
8.Предлог Одлука за зголемување на цената на ѓубрарината на ЈПКД“Огражден“Босилово;
9.Предлог Одлука за давање согласност за поставување АС полначи за електрични возила,како пилот проект,на локација во централното подрачје на с.Босилово;
10.Предлог Одлука за измена и дополнување на Одлука бр.08-3827/1 од 29.12.2025 година;
11.Разгледување и оценување на Иницијативата покрената од група на граѓани од населено место Босилово за исполнетост на условите и потребите за основање на облик на месна самоуправа Босилово;
12.Предлог-Одлука за разгледување и прифаќање на иницијативата за чистење на речните корита на река Струмица,река Турија и река Струмешница;
13.Предлог за формирање Комисија за избор на претседател и членови на Комисијата за селекција на кандидати за членови во Управен и Надзорен одбор на ЈОУДГ“Среќни насмевки“Босилово;
14.Констатирање престанок на членови на УО на ЈОУДГ“Среќни насмевки“Босилово;15.Предлог за именување на членови на УО на ЈПКД“Огражден“Босилово;
15. Констатирање престанок на членови на НО на ЈОУДГ“Среќни насмевки“Босилово;16. Предлог за именување на членови на НО на ЈОУДГ“Среќни насмевки“Босилово;
17.Предлог-Одлука за формирање на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка со општина Ново Село;
18.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-стамбен објект-куќа на КП бр.186.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Заклучок бр.08-187/1 од 29.01.2026 година за усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за четврти квартал 2025 година(К1,К2,К3),донесено на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-195/1 Општина Босилово**
**29.01.2026 година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р**

Врз основа на член 21 ст.1,точка 29 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14)Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 29.01.2026 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за четврти квартал 2025 година(К1,К2 и К3).**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за 2025 година четврти квартал(К1,К2,К3).

**Член2**

Заклучокот стапува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавен во службеното гласило на општина Босилово.

**Бр.08-187/1 Совет на Општина Босилово**
**29.01.2026година Претседател,**
**Горанчо Граждanлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-177/1 од 29.01.2026 година за давање на субвенции на ЈПКД“Огражден“Босилово,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09–201/1 Општина Босилово**
**29.01.2026 година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 36 ств 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник на Општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден29.01.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на субвенции на ЈПКД „ Огражден “ Босилово**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува субвенционирање на Јавното претпријтие „ЈПКД Огражден Босилово“, како финансиска поддршка за покривање на тековни трошоци за непречено извршување на редовното работење, во текот на фискалната 2026 година.

**Член 2**

Финансиската подршка ќе се трансферира на ЈПКД Огражден по потреба, врз основа на доставено барање од страна на ЈПКД Огражден, но не повеќе од планираните средства на потставка 461130- Субвенции за јавни комунални претпријатија во Буџетот на општина Босилово за 2026 година.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедени од Буџетот на општина Босилово за 2026 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во службен гласник на Општина Босилово.

**Бр.08-177/1 Совет на општина Босилово**
**29.01.2025 година Претседател,**
**Горанчо Граждanлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08 -178/1 од 29.01.2026 година за доделување финансиски средства за основните општински училишта во општина Босилово ООУ“Гоце Делчев“Босилово, ООУ“Св.Кирил и Методиј“ Иловица и

ООУ"Борис Трајковски"Моноспитово ,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09–200/1 Општина Босилово**
**29.01.2026 година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник на Општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 29.01.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување финансиски средства за основните општински училишта во општина Босилово**

**ООУ „Гоце Делчев" Босилово, ООУ „Св.Кирил и Методиј" Иловица и ООУ„Борис Трајковски" Моноспитово**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства на општинските основни училишта како финансиска помош за покривање во износ од 1.476.500,00 денари.

Финансиската помош се дава за подмирување на трошоците за редовно работење.

**Член 2**

Финансиските средства од точка 1 на оваа одлука се планирани во основниот Буџетот на општина Босилово за 2026 година, во програма Н1-Основно образование и истите ќе се одобруваат на секое училиште поединечно и тоа:

-преку сметката 603 – корисник на буџетот на општина Босилово, програма Н1, со доставување на финасов план по РКБ до Министертво за финансии, од страна на општина Босилово,

-како трансфер на сметката 787-самофинансирачка сметка, на секое училиште и

-преку сметка 637-орган на општина Босилово како финансиска помош за исплата на отпремнина за пензионирање.

**Член 3**

Висината на финансиските средства, ќе се распределаат согласно потребите и износот на доспеани а неподмирени обврски.

**Член 4**

Средствата за оваа намена се обезбедени од Буџетот на општина Босилово за 2026 година.

**Член 5**

Оваа одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Босилово.

**Бр.08-178/1 Совет на Општина Босилово**
**29.01.2026година Претседател,**
**Горанчо Граждanлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-176/1 од 29.01.2026 година за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Босилово за 2026 година,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-202/1 Општина Босилово**
**29.01.2026 година Градоначалник**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и службен весник на РСМ бр.202/24), и член 33 од Законот за Буџети (Сл.весник на РМ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр.244/19, 53/21, 151/21 и 5/25), Советот на општина Босилово на 6-та седница одржана на 29.01.2026 година:

**О Д Л У К А**

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Босилово за 2026 година**

**Член 1**

**Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Босилово за 2026 година на следниот начин:**

**Потпрограма**
**Потставка**
**БУЏЕТ САМОФИН. ДОТАЦИИ ДОНАЦИИ КРЕДИТИ**

**А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**461130 Субвенции за јавни претпријатија**
**- 250.000** 0 0 0 0
**Г10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**464990 Други трансфери**
- 400.000 0 0 0 0
**ГА0 ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ**
**482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти**
450.000 0 0 0 0
**ЈГ0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**
482710 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети за водоснабдување
200.000 0 0 0 0

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на Општина Босилово и станува составен дел на Буџетот на општината за 2026 година.

**Бр.08-176/1 Советот на Општина Босилово**
**29.01.2026година Претседател,**
**Горанчо Гражданлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-194/1 од 29.01.2026 година за измена на програмата за изработка на Урбанистички планови во општина Босилово за 2026 година,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-331/1 Општина Босилово**
**09.02.2026 година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р**

Врз основа на чл. 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32 од 10.02.2020 год.) и чл.36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и чл.21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник на Општина Босилово) Советот на Општина Босилово на седницата одржана на ден 29.01.2026 година, донесе:

**П Р О Г А М А**
***За измена на програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Босилово за 2026 година.***

I. Во програмата ***за изработка на Урбанистички планови во Општина Босилово за 2026 година точка 14*** се менува и гласи

| | ***НАЗИВ НА ПЛАН*** | ***НАМЕНА НА ПЛАН*** | ***ПОВРШИНА*** | ***СТАТУС СО РОК НА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ*** |
|---|---|---|---|---|
| ***14.*** | Урбанистички проект за изградба на Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.371,КП бр.362,Кп бр.361/2,КП бр.360,Кп бр.359 и КПбр.358 КО Секирник општина Босилово со вкупна површина од 7640 м2 и се додава намената Е.14-Градби за чување и складирање на енергијата.“ | Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.14 – Градби за чување и складирање на енергијата | 7640 м2 | I Квартал во 2026 година |

II. Програмата влегува во сила веднаш по нејзиното донесување а ќе се објави во службен гласник на Општина Босилово.

**Бр__________ Совет на Општина Босилово**
**Претседател**
**29.01.2026 год. Горанчо Гражданлиев**
**Босилово**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08 -179/1 од 29.01.2026 година за давање согласност за поставување уреди за забавни игри на јавните површини,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-203/1 Општина Босилово**
**29.01.2026 година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.01.2026 година,донесе:

**О Д Л У К А**
**За давање на СОГЛАСНОСТ за поставување на уреди за забавни игри на јавните површини во сопственост на општина Босилово за организирање на забавни игри**

**Член 1**

Се дава СОГЛАСНОСТ за поставување на уреди за забавни игри на јавните површини во сопственост на општина Босилово за организирање на забавни игри.

**Член 2**

Согласноста се дава на заинтересирани баратели кои располагаат со такви елементи за забавни игри и кои се регистрирани за вршење на тој вид на дејност.

**Член 3**

За целокупната организација на забавата организаторот ќе ги преземе сите организациони и безбедносни мерки да забавата помине во најдобар ред.

**Член 4**

По добиената СОГЛАСНОСТ организаторот е должен да стапи во контакт со ЕВН Македонија АД Скопје за обезбедување на приклучок за електрична енергија на сопствена сметка.

**Член 5**

Се задолжува организаторот да се грижи за хортикултурното уредување на просторот што ќе го користи за поставување на уредите за забавни игри и да по завршувањето на користењето го остави во најдобар ред.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово".

**Бр.08-179/1 Совет на Општина Босилово**
**29.01.2026година Претседател,**
**Горанчо Граждanлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08 -190/1 од 29.01.2026 година за доделување финансиски средства на ЗРЛ "Гоце Делчев"Босилово,ЛД"Беласица" Струмица и ЛД"Скоруш"Куклиш,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-208/1 Општина Босилово**
**29.01.2026година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14) а врз основа на поднесени барања од ЗРЛ"Гоце Делчев"Босилово бр.08-85/1 од 20.01.2026 година,барање бр.08-16 од 05.01.2026 година поднесено од ЛД"СКОРУШ"Куклиш и барање бр.08-3571/1 од 05.12.2025 поднесено од ЛД"Беласица" Струмица,Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 04.12.2025година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства**

**Член 1**

На ЗРЛ"Гоце Делчев"Босилово на име спонзорство за организирање на традиционална ловечка вечер се доделуваат финансиски средства во износ од 100.000,00 денари.

**Член 2**

На ЛД"Беласица "Струмица на име спонзорство за организирање на традиционална ловечка вечер се доделуваат финансиски средства во износ од 10.000,00 денари.

**Член 3**

На ЛД"СКОРУШ"Куклиш на име спонзорство за организирање на традиционална ловечка вечер се доделуваат финансиски средства во износ од 3.000,00 денари.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово".

**Бр.08-179/1 Совет на општина Босилово**
**29.01.2026 Претседател,**
**Горанчо Граждanлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-192/1 од 29.01.2026 година за давање согласност за зголемување на цената на комуналната услуга за собирање на комунален отпад,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-209/1 Општина Босилово**
**29.01.2026 година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21,став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14) а в.в. со член 22 став 2 од Закон за комуналните дејности (Редакциски пречистен текст:"Службен весник на РСМ"бр.95/2012,163/2013,42/2014,44/2015,147

/2015,31/2016,64/2018,302/2020,255/2024,3/2025,17/2025),на предлог на градоначалникот,Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 29.01.2026 година,донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за зголемување на цената на комунална услуга за собирање на комунален отпад**

**Член 1**

Советот на општина Босилово дава согласност да се зголеми цената на комуналната услуга за собирање на комунален отпад, која ја обезбедува ЈПКД“Огражден“Босилово како давател на услугата.

**Член 2**

Цената на комуналната услуга за собирање на комунален отпад ќе се утврдува одделно :

За физичките лица(домаќинства) од 230,00 денари ќе се зголеми на 330,00 денари месечно по домаќинство.

За правните лица од 600,00 денари ќе се зголеми на 800,00 денари месечно .

За маркети,болници и училишта од 1.500,00 денари ќе се зголеми на 1.800,00 денари месечно.

За ресторани и поголеми фирми од 2.000,00 денари ќе се зголеми на 2.500 денари месечно.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Босилово.

**Бр.08-192/1** **Совет на општина Босилово**
**29.01.2026година** **Претседател,**
**Горанчо Гражданлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08 -185/1 од 29.01.2026 година за давање согласностза поставување на е-полначи за електрични возила,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-197/1** **Општина Босилово**
**29.01.2026 година** **Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 ст.1,точка 43 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14) Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 29.01.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**За давање согласност за поставување на е-полначи за електрични возила**

**Член 1**

СЕ дава СОГЛАСНОСТ на барањето за поставување на е-полначи и приклучен вод од постојна трафостаница 10(20)/0,4 kV за електрични возила на локација во централното подрачје на с.Босилово, поднесено од правното лице Лавесго ДОО Скопје.

**Член 2**

Локацијата се наоѓа на локална улица во централното подрачје на населеното место,на земјиште во државна сопственост на КП бр.4368/1,КО Босилово

**Член 3**

Планирано е поставување на АС полначи со моќност од 11kwдо 22 kw ,со следните цели:

-тестирање на реалната искористеност(зафатеност)на локацијата;

-утврдување на влијанието врз електричната мрежа,

-собирање релевантни податоци за евентуално понатамошно проширување на инфраструктурата.

**Член 4**

Оваа ќе биде пилот проект целосно финансиран од страна на подносителот на барањето Лавесго ДОО Скопје,без обврска за општината .

**Член 5**

По добивање на согласноста правното лице Лавесго ДОО Скопје ќе пристапи кон понатамошна постапка и координација со ЕВН за техничко приклучување.

**Член 6**

Општина Босилово ќе има обврска само да ги изврши ископните работи(ваковите)потребни за поставување на полначите.

**Член 7**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавен во службеното гласило на општина Босилово.

**Бр.08-185/1** **Совет на Општина Босилово**
**29.01.2026година** **Претседател,**
**Горанчо Гражданлиевски с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-184/1 од 29.01.2026 година за изменување и дополнување на Одлуката бр.08-3827/1 од 29.12.2025 година,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-210/1 Општина Босилово**
**29.01.2026година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 став 1,точка 7 од Статутот на општина Босилово (Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14)и член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање(Сл.весник на РСМ бр.225/2020) и член 3 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.241/2025),Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 29.01.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката бр.08-3827/1 од 29.12.2025 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на член 1 од Одлуката за прифаќање на Иницијативата бр.08-3709/1 од 19.12.2025 година за почеток за изработка на Урбанистичко планска документација на Урбанистички проект за изградба на Сончева електрана, со арх.бр.08-3827/1 од 29.12.2025 година поднесена од ДПТУ“ЦЕНТРАЛА ФОТОВОЛТ“ДОО Турново.

**Член 2**

Во член 1 ќе стои **“Се прифаќа Иницијативата бр.08-3709/1 од 19.12.2025 година за почеток за изработка на Урбанистичко планска документација на Урбанистички проект за изградба на Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.371,КП бр.362,Кп бр.361/2,КП бр.360,Кп бр.359 и КПбр.358 КО Секирник општина Босилово со вкупна површина од 7640 м2 и се додава намената Е.14-Градби за чување и складирање на енергијата.“**

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавен во службеното гласило на општина Босилово.

**Бр.08-184/1 Совет на Општина Босилово**
**29.01.2026година Претседател,**
**Горанчо Граждανлиевски с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Заклучок бр.08-180/1 од 29.01.2026 година за прифаќање на поднесената иницијатива покрената од група граѓани од населено место Босилово за основање облик на месна самоуправа Босилово,донесен на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09–211/1 Општина Босилово**
**29.01.2026 година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 ст.1,точка 43,член 120 и 122 став 2 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14) и член 82 од Законот за локалната самоуправа(Редакциски пречистен текст: “Службен весник на РСМ бр.05/2002,84/2020,2020/2024)а врз основа на поднесената Иницијатива од група на граѓани од населенеото место Босилово,Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 29.01.2026 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**

**Член 1**

Се прифаќа поднесената иницијатива покрената од група на граѓани од населеното место Босилово за основање на облик на месна самоуправа Босилово.

**Член 2**

Заклучокот стапува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавен во службеното гласило на општина Босилово.

**Бр.08-180/1 Совет на општина Босилово**
**29.01.2026 Претседател,**
**Горанчо Гражданлиевски с.р.**

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-193/1 од 29.01.2026 година за прифаќање на иницијативата за чистење на речните корита,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-332/1** **Општина Босилово**
**09.02.2026 година** **Градоначалник**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14)Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 29.01.2026 година,донесе:

**О Д Л У К А**
**За прифаќање на иницијативата за чистење на речните корита**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата за чистење на речните корита на река Турија,река Струмица и река Водочница.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово".

**Бр.08-193/1** **Совет на Општина Босилово**
**29.01.2026година** **Претседател,**
**Горанчо Граждaнлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-191/1 од 29.01.2026 година за избор на претседател и членови на Комисија за селекција на кандидати за членови на Управен и Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-207/1** **Општина Босилово**
**29.01.2026година** **Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 17-а од Законот за јавните претпријатија(Редакциски пречистен текст: Сл весник на РСМ бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003.....39/2016, 64/2018 , 35/2019, 275/2019, 82/2020, 89/2022, 274/2022, 208/2024,193/2025),член 21 став 1 точка 38 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14)по предлог на градоначалникот, Советот на општина Босилово донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на претседател и членови на Комисија за селекција на кандидати за членови во Управен и Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово**

**Член 1**

Се формира Комисија за селекција на кандидати за членови во Управен и Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово.

**Член 2**

За претседател и членови на Комисијата за селекција на кандидати за членови на Управен и Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилоов се именуваат:

**-Ване Димитриев- Претседател (вработен во општина Босилово);**

**-Марјан Манев- Заменик претседател (вработен во општина Босилово);**

**-Стојан Гоцев- Член (вработен во општина Босилово);**

**-Дејана Пеневски- Заменик член (вработена во општина Босилово);**

**- Јане Гавровски - Член (вработена во ЈПКД„Огражден –Босилово) и**

**- Катерина Пандева - Заменик член (вработен во ЈПКД„Огрждeн"-Босилово).**

**Член 3**

Комисијата за селекција ќе ја спроведува постапката за административна селекција на кандидатите за членови во Управен и Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово,која постапка се состои од две фази:

**Фаза 1 –административна селекција** (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија ,како и за доставените докази и се врши нивно бодување)и

**Фаза 2 –Интервју** (фаза во која преку стручни и ситуациони прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата,прашања за неговото претходно работно искуство,очекувањата на кандидатот и слично)

**Член 4**

Решението стапува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на општина Босилово.

**Бр.08-191/1 Совет на општина Босилово**
**Претседател,**
**Горанчо Гражданлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Заклучок бр.08-189/1 од 29.01.2026 година за констатирање престанок на функцијачлен на управен одбор на ЈОУДГ"Срećни насмевки"Босилово,донесен на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09–199/1 Општина Босилово**
**29.01.2026година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 ст.1,точка 29 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14) и член 114 став 13 од Закон за заштита на децата(Сл.весник на РСМ бр.104/19,146/19,275/19,311/20...236/2022,265/ 2024,17/2025)а врз основа на Поднесеното Известување од ЈОУДГ"Сречни насмевки"Босилово бр.08-35/1 од 09.01.2026 година,Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 29.01.2026 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**

**За констатирање престанок на функција член на УО на ЈОУДГ"Срећни насмевки"Босилово**

**Член 1**

Се констатира престанок на функцијата член на управниот одбор на ЈОУДГ"Срећни насмевки"Босилово на Весна Панова,Силвија Вргова и Ацо Ангелов,именувани со решение на Советот на општина Босилово со арх.бр.08-228/2 од 31.01.2022 .

**Член2**

Заклучокот стапува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавен во службеното гласило на општина Босилово.

**Бр.08-188/1 Совет на Општина Босилово**
**29.01.2026година Претседател,**
**Горанчо Гражданлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Заклучок бр.08-189/1 од 29.01.2026 година за констатирање престанок на функција член на одбор за внатрешна контрола на ЈОУДГ"Срећни насмевки"Босилово,донесен на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-198/ 1 Општина Босилово**
**29.01.202година Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 ст.1,точка 29 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14) и член 114 став 13 од Закон за заштита на децата (Сл.весник на РСМ бр.104/19,146/19,275/19,311/20...236/2022,265/ 2024,17/2025)а врз основа на поднесеното Известување од ЈОУДГ"Срећни насмевки"Босилово бр.08-35/1 од 09.01.2026 година,Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 29.01.2026 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**

**За констатирање престанок на функција член на одбор на внатрешна контрола на ЈОУДГ"Срећни насмевки"Босилово**

**Член 1**

Се констатира престанок на функцијата член на одбор за внатрешна контрола на ЈОУДГ"Срећни насмевки"Босилово на Марија Петрова и Софија Крмзова,именувани со решение на Советот на општина Босилово со арх.бр.08-229/2 од 31.01.2022 .

**Член2**

Заклучокот стапува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавен во службеното гласило на општина Босилово.

**Бр.08-189/1 Совет на општина Босилово**
**29.01.2026 година Претседател,**
**Горанчо Гражданлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-181/1 од 29.01.2026 година за формирање заедничка комисија за меѓуопштинска соработка со општина Ново Село,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-205/1** **Општина Босилово**
**29.01.2026 година** **Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ “бр. 79/2009) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 29.01.2026 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за формирање на заедничка комисија**

**Член 1**

Се формира заедничка комисија за меѓуопштинска соработка (МОС) со општина Ново Село .

**Член 2**

Заедничката комисија за МОС:
-ќе изготви предлог акт за воспоставување на МОС
-ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува МОС
Заедничката комисија ги доставува предлог актите до советите на општините кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка, во рок од 60 дена.

**Член** 3

Заедничката комисија е составена од шест членови, од кои по тројца членови од секоја од општините кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.
Комисијата од своите редови избира претседател, кој ја координира работата на комисијата. Во работата на комисијата може да учествуваат и стручни лица од областа во која се воспоставува меѓуопштинската соработка.

**Член 4**

Комисијата од член 1 на оваа одлука, предлозите на актите ги подготвува врз основа на претходно направена анализа.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината.

**Бр.08-181/1** **Совет на општината Босилово**
**29.01.206година** **Претседател,**
**Горанчо Граждanлиевски с.р.**

---

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-186/1 од 29.01.2026 година за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-стамбен објект куќа на КП бр.1345/3 во КО Турново,донесена на шестата седница седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 29.01.2026 година.

**Бр.09-196/1** **Општина Босилово**
**29.01.2026година** **Градоначалник,**
**Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 4,став1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти )„Сл.весник на РМ“ бр.23/11 .....174/21) и член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планската документација(„Службен весник на РМ“бр.56/11) и член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 29.01.2026 година,донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-станбен објект-куќа на КП бр.1345/3 во КО Турново**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и

вклопување на бесправниот објект-станбен објект-куќа на КП бр.1345/3 во КО Турново на барателот на легализацијата лицето Атанас Цветанов од с.Турново бр.186.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

**Бр.08-186/1 Совет на општина Босилово**
**29.01.2026година Претседател,**
**Горанчо Граждалиевски с.р.**